Посетете ја новата веб страна на МИА ТУКА

Оригинални текстови

# Агенција за филм: Како Милчо Манчевски извлекува милионски суми за проекти?

Дали клопчето се одмотува, сликата се заокружува, а расплетот се наѕира и може да се види како Милчо Манчевски кој со години наназад, шурувајќи со сите власти, извлекува милионски суми за своите проекти, некогаш и вон редовен конкурс и се гледа неговата алчност и деструктивна енергија?

Ана Цветковска • 9 јули, 2020 11:32

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ

РУСКО-УКРАИНСКА КРИЗА

**9 јули 2020**

Дали клопчето се одмотува, сликата се заокружува, а расплетот се наѕира и може да се види како Милчо Манчевски кој со години наназад, шурувајќи со сите власти, извлекува милионски суми за своите проекти, некогаш и вон редовен конкурс и се гледа неговата алчност и деструктивна енергија?

Неговите колеги станаа против ваквите негови хајки, да врши притисок во вакви кревки кризни и предизборни времиња против Агенцијата за филм која подаде рака на филмските работници да си ги добијат навремено парите од завршените филмови на минатите конкурси.

Дали исплашен, големиот Манчевски ја употреби сета своја лоби моќ мислејќи дека можеби за него нема до остане од македноската каса, во која треба да има за сите, а не само за неговите мегаломански идеи и почна да притиска по ходници во министерстото за култура, пријавил во антикорпуциска, и по блиски нему медиуми (читај sdk.mk, каде за проверка на факти е задолжена неговиот биограф Марина Костова), Еуроимаж (читај Тања Пепељуговска која го поддржала филмот), а нејзниниот сопруг, адвокатот на Милчо Манчевски, толкува за јавноста Договори меѓу Агенцијата и продуцентите, како и Слаѓана Тасева која откако прочита во вкупно два медиума потрча да поднесе кривична пријава. Инаку агилната Тасева досега нема ниту еден решен случај?

Ако НВО "Транспаренси интернешнл" или "Антикорупциска" сакаат докази наместо да подлегнуваат на ова провидно сценарио, можеби треба да ја побараат во поврзаноста на споменатите. Дали се информирани дека адвокатот на Манчевски заедно со неговата сопруга, претставничката на Еуроимаж за Република Северна Македонија, Тања Пепељуговкса, инаку многугодишен дистрибитер на филмовите на Манчевски, заедно со новинарката која е автор на биографија и слични книги за Манчевски, Марина Костова се здружени во идејата да ги рушат сите успеси на младите автори и да ја компромитираат работата на Агенцијата за филм и нејзиниот директор Горјан Тозија? Дали овие институции не го препознаваат заедничкиот мотив, инициран од Манчевски? Дали разбираат дека тоа што во минатото се практикувало филмови да се добиваат со тропање по кабинети, со изнудување високи буџети е сега минато?

Можеби е потребно овие институции да се позанимаваат со висината на хонорарите на Манчевски? Нејасно е, како оваа јасна слика на лично мотивирана хајка станува предмет на интерес на сериозни институции? Зар не знаеше Милчо Манчевски дека еден автор кој еднаш блеснал, има огромна обврска да си ја чува аурата и образот, не да се валка. Сепак, последните дела и моралот на авторот се паметат подолго.

**Агенција за филм на Република Северна Македонија**

**МИА овие текстови ги објавува во интегрална и оригинална форма и не е одговорна за нивната содржина, ниту за евентуалните правописни недоследности или печатни грешки**

